View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

**Научно-истражувачки проект:**

# ЕВАЛУАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Истражувачки тим:**

**Раководител на Проектот (главен истражувач)**: проф. д-р Виолета Димова

**Учесници во Проектот**: проф. д-р Нина Даскаловска, проф. д-р Драгана Кузмановска, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, проф. д-р Ранко Младеноски, проф. д-р Марија Леонтиќ, проф. д-р Махмут Челик, доц. д-р Даринка Маролова, доц. д-р Весна Коцева, виш лектор м-р Снежана Кирова, виш лектор м-р Биљана Иванова, виш лектор м-р Марија Тодорова, м-р Татјана Уланска, м-р Марица Тасевска, м-р Марија Гркова, проф. д-р Светлана Јакимовска, доц. д-р Ева Ѓорѓиевска, доц. д-р Ана Витанова Рингачева, лектор м-р Надица Негриевска, асистент-докторанд Јована Караникиќ Јосимовска, асистент м-р Наташа Сарафова, асистент м-р Кристина Костова.

## I. Предмет на истражување:

Предмет на истражување на овој Проект се можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Ќе се истражуваат различни видови евалуациски постапки, со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето, кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата ќе се одвива и во самиот процес на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно ќе се спроведе формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Наставниците го евалуираат наставниот процес за да го определат нивото на успешност на својата наставна пракса и да ги споредат своите наставнички вештини со вештините на своите колеги. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваат непосредни информации за тоа што навистина мислат за самиот курс. Повратните информации за наставниот процес ќе се добиваат со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата ќе се спроведува со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Важен дел од евалуацијата на наставниот процес е критичкото пријателство, што е еден нов и провокативен начин за добивање информации. Предмет на овој Проект ќе бидат видовите евалуации и ќе бидат дадени примери на евалуациски постапки. Ќе се обидеме да го дефинираме поимот и теориски да го втемелиме акциското истражување и критичкото пријателство. Проектот ќе го спроведеме со студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и дел од професорите што предаваат на овие студенти, и тоа не само задолжителни, туку и изборни предмети и курсеви.

## II. Цели на Проектот

Овој Проект има две главни цели:

1. Да се истражат различни видови евалуациски постапки со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето во високото образование;
2. Да се истражат можностите за проверка и вреднување на наставниот процес во високото образование и за унапредување на студиската програма по методиките на

филолошките факултети, која ќе помогне во подетално дефинирање на наставничките компетенции на студентите – идни наставници по македонски, англиски, германски, италијански и турски јазик и книжевност.

Во Проектот ќе бидат вклучени студентите запишани во втора, трета и четврта година на студиските програми по македонски, англиски, германски, италијански и турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, како и дел од наставничкиот и соработничкиот кадар на Факултетот.

**III. Реализација на Проектот**

Проектот ќе се одвива во следните фази:

1. **Разгледување на досегашните истражувања** во врска со евалуацијата и евалуациските пристапи во високото образование. Во светот досега се извршени голем број истражувања: Achinstein, B., Meyer. T. (1997), Bognar, B. (2006), Fulerton, H. (2003), Hounsell, D. (2003), Scriven, M. (1966), Simmons, B. (2004). Кај нас до сега се извршени истражувања во врска со евалуацијата во наставата по странски јазици и книжевности, како проект на Филолошкиот факултет во Скопје, на УКИМ, (Димова, В. 2016, Андреевска Ј. 2016, Балоска С. 2016 итн.);

2. **Креирање инструменти за евалуација** - За спроведување на евалуацијата ќе се применат следните евалуациски постапки: Посматрање на наставниот процес, Наставничко портфолио, Анкетирање, Интервју, Игри за евалуација, Групна расправа, Проценување;

3. **Избор на студенти-учесници во Проектот за спроведување на акциското истражување и реализација на евалуациска работилница** од катедрите за македонски, англиски, германски, италијански и турски јазик и книжевност;

4. **Креирање портфолио на студентите-учесници во Проектот** – Студентите што ќе бидат вклучени во Проектот ќе имаат свое портфолио во кое ќе се внесуваат резултатите од нивното формативно и сумативно оценување со евалуација и самоевалуација од третиот до осмиот семестар;

5. **Издавање на книга** во која ќе се опишат резултатите и искуствата од истражувањето. Стекнатите искуства ќе бидат посебно значајни за лицата вклучени во образованието, како за креаторите на наставни програми, така и за изведувачите на наставата.

**IV. Временска рамка за реализација на Проектот**

Гореопишаните активности ќе бидат распределени во следнава временска рамка:

**Месеци 1-6:** Разгледување на досегашните истражувања (точка 1), креирање на инструменти за евалуација за спроведување на евалуациските постапки за оценување и вреднување на студиските програми, како и на компетенциите на студентите, запишани на сите студиски групи на Филолошкиот факултет (точка 2);

**Месеци 7-18:** Избор на студенти-учесници во Проектот и реализација на евалуациски работилници (точка 3) и креирање портфолио на студентите учесници во Проектот (точка 4);

**Месеци 19-24:** Издавање на книга (точка 5).

**V. Очекувани резултати и нивна примена**

1. Изработка на инструменти за евалуација кои понатаму ќе си го најдат трајно своето место во наставата во високото образование;

2. Изработка на студентско портфолио, како резултат од сумативните и формативните оценувања;

3. Издавање на книга во која ќе бидат изнесени сите искуства и резултати од истражувањето.

**VI. Литература**


1. Achinstein, B., Meyer. T. (1997). ***„The Uneasy Marriage between Friendship and Critique: Dilemmas of Fostering Critical Friendship in a Novice Theacher Learning Community“.*** Paper presented at the Annual meeting of the America educational Research Association, Chicago.
2. Bambino, D. (2002). ***Critical friends. Educational leadership.*** Reston, VA: Association for Supervision and Curriculum and Development.
3. Bognar, B. (2006). ***Akcijska istraživanja u školi.*** Odgojne znanosti, 8 (1), 177-190.
4. Bognar, B. (2011). ***Report on the Pilot Educational Resources: Pestalozi Core Knowledge, Skills and Attitudes for all Theachers; "Emancipatory education".*** Council of Europe training Programme for education professionals.
5. Bognar, L. (1999). ***Metodika odgoja.*** Sveučilište Josipa Jurja Štrosmajera u Osijeku. Pedagoški fakultet.
6. Bognar, L. i Matijević, M. (2002). ***Didaktika (2. izdanje).*** Zagreb: Školska knjiga.
7. Brown, M. i sur (2003). ***Reflective practice.*** U: Fry i sur. (2003) ***A handbook for teaching and learning in higher education. Second edition.*** London: Kogan page.
8. Cohen, L., Manion, L., i Morrison, K. (2001). ***Research methods in education (5. izdanje).*** London i New York: Routledge/Falmer.
9. Costa, A., Kallick, B. (1993). ***Through the Lens of a Critical Friend***. Educational Leadership 51(2) 49-51.
10. Day, C. (1999). ***Developing Teachers: The Challenges of Lifelong Learning***. London: Falmer Press.
11. Fry, H., Ketteridge, S. (2003). ***Theaching Portfolios***. U: Fry i sur. (2003) ***A handbook for teaching & learning in higher education. Second edition.*** London: Kogan page.
12. Fulerton, H. (2003). ***Observation of teaching.*** U: Fry i sur. (2003) ***A Handbook for Teaching and Learning in Higher Education. Second edition.*** London: Kogan page.
13. Hounsell, D. (2003). ***The evaluation of teaching.*** U : Fry i sur. (2003) ***A handbook for teaching & learning in higher education. Second edition.*** London: Kogan page.
14. McNiff, J., Whitehead, J. (2006). ***All you need to know about Action Research.*** London: Sage.
15. Mužić, V. (1999). ***Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja.*** Zagreb: Educa.
16. Norton, L.S. (2009). ***Action Research in Teaching and Learning. A Practical Guide to Conducting Pedagogical Research in Universities.*** Abingdon: Routledge.
17. Patton, M. Q. (2002). ***Qualitative Research & Evaluation Methods. (3. izdanje).*** California: Sage Publications.
18. Rosandic, D. (1986) **Metodika knjizevnog odgovja i obrazovanja,** Zagreb, Skolska knjiga.
19. Scriven, M. (1966). ***The Methodology of Evaluation. Publication of the Social Science Education Consortium.*** Indiana: Prude University.
20. Simmons, B. (2004). ***Designing Evaluation for Education Projects. Environmental Education. Department of Teaching and Learning***. Nothern Illinois University.
21. Stoll i sur. (2003). ***It's about Learning (and It's about Time).*** New York: Routledge/Falmer.

1. Димова, В. (2007) **Литературното дело и реципиентот**, Скопје, Македонска реч.

2. Димова, В. (2017) **Евалуацијата во високото образование – можности и предизвици,** во: *Евалуацијата во наставата по странски јазици и книжевности,* Меѓународен научен собир, Скопје, Филолошки факултет *Блаже Конески.*
3. **Евалуација во наставата по странски јазици и книжевности :** Меѓународен научен собир, 12 Септември 2016, Скопје / Радица Никодиновска, одговорен уредник. – Preface ; Предговор; стр. 13-21. – Публикацијата е во рамките на проектот „Евалуација во наставата по странски јазици и книжевности (2016)".
4. **Правопис на македонскиот јазик** (2016), редакција: С. Веновска-Антевска, Е. Јачева-Улчар, С. Груевска-Маџоска, С. Саздов, Ж. Цветковски.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

| Примено: 27.02.2018 год. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | | | Вредност |
| 0801 - | 2/9 | | |

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

До
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Фонд за научноистражувачка работа

## Барање за финансирање на научноистражувачки проект

| | |
|---|---|
| **Датум на поднесување** | |
| **Проект бр.** | *(Се пополнува во Архивата на Универзитетот)* |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование |
| **Клучни зборови** | Евалуација, јазик, книжевност, високо образование |
| **FRASCATI класификација** | 6 Хуманистички науки<br>6.2 Јазик и литература |

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**Анекс 1**

**Наслов на проектот:** Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование

**Проект бр.:** ______________________

**Согласност на истражувачите и институциите вклучени во проектот:**

| | |
|---|---|
| **Главен истражувач:** (име, потпис и датум) | Проф. д-р Виолета Димова 26.02.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Проф. д-р Нина Даскаловска 26.02.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Доц. д-р Драгана Кузмановска 26.2.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Проф.д-р Луси Караниколова-Чочоровска 26.02.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Проф.д-р Ранко Младеноски 26.02.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Проф.д-р Марија Леонтиќ 26.II 2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Проф.д-р Махмут Челик 26.2.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Доц.д-р Даринка Маролова 26.02.2018 |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | Лектор д-р Весна Коцева 26.02.2018 |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | Виш лектор м-р Снежана Кирова 26.02.2018 |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | Виш лектор м-р Биљана Иванова 26.02.2018 |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | Виш лектор м-р Марија Тодорова 26.02.2018 |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | М-р Татјана Уланска 26.02.2018 |
| | |

| | |
|---|---|
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | М-р Марица Тасевска<br>26.02.2018 |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | М-р Марија Гркова<br>26.02.2018 |
| **Раковидител на институцијата на главниот истражувач** | **Име и презиме, звање:** Доц. д-р Драгана Кузмановска<br>**Институција:** Универзитет „Гоце Делчев“ Штип<br>**Потпис и печат** |
| **Раковидител на институцијата на останатите истражувачи** | **Име и презиме, звање:** Доц. д-р Драгана Кузмановска<br>**Институција:** Универзитет „Гоце Делчев“ Штип<br>**Потпис и печат** |

Република Македонија
Универзитет „Гоце Делчев"
Филолошки факултет
Бр. 1902-68/3
01.03 2018 год
Ш т и п

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16, 127/16), а во согласност со член 39 од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научно истражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Гласник 28/2 ноември 2013 год.), Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на својата 168 (сто шеесет и осма) седница одржана на ден 01.03.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на научно истражувачки проект**

**Член 1**

Се усвојува Барањето бр.0801-2/9 од 27.02.2018 год., поднесено од **проф. д-р Виолета Димова**, раководител и главен истражувач за реализација на научно-истражувачки проектот.

**Член 2**

Се прифаќа реализацијата на научно-истражувачкиот проектот со наслов: „ЕВАЛУАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ " со траење во траење од две години.

**Член 3**

Проектот ќе се води во согласност со одредбите од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 5**

Примерок од одлуката да се достави до вработениот, Фондот за научноистражувачка работа и архивата на единицата.

**Филолошки факултет**
**Декан,**
**Доц.д-р Драгана Кузмановска**

_______________________________

Република Македонија
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Бр. 1902-235/4
28.12.2018 год.
Ш Т И П

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Сл.весник на РМ“, бр. 82/2018), Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на својата 186 (стоосумдесетишеста) седница одржана на 28.12.2018 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За дополнување на членови во проектот на Филолошкиот факултет под наслов „ ЕВАЛУАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА ПО ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ “, раководител проф. д-р Виолета Димова**

**Член 1**

СЕ ОДОБРУВА дополнување на проектот на Филолошкиот факултет под наслов „ ЕВАЛУАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА ПО ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ “, раководител проф. д-р Виолета Димова , со следните членови :

1. **Проф.д-р Светлана Јакимовска**
2. **Доц.д-р Ева Ѓорѓиевска**
3. **Доц.д-р Ана Витанова Рингачева**
4. **Лектор м-р Надица Негриевска**
5. **Асистент-докторант Јована Караникиќ**
6. **Асистент м-р Наташа Сарафова**
7. **Асистент м-р Кристина Костова**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 3**

Примерок од одлуката да се достави до именуваните, раководителот на проектот и архивата на Факултетот.

**Декан,**

**Доц.д-р Драгана Кузмановска**

Со важност од 08.05.2018 година